**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.02-332**
**23.07.2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 39 став 1 алинеја 5 и член 43 од истиот Закон, член 7 став 1 алинеја 8, член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 51 став 3 алинеја 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-2699/11 од 22.07.2021 година, на 21-та седница, одржана на 22.07.2021 година, ја донесе следната:

## Одлука
## за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија поради тоа што физичкото лице Ѓорѓе Цундов, кое е и сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено како сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и што претставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност.

2. Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, во рок од 45 дена од денот на приемот на оваа Одлука, потребно е да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.05.2021 година, при редовна проверка на интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатираше дека на 25.05.2021 година е извршена промена на сопственичката структура кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија. Видно од објавеното Решение на веб страницата на Централниот регистар на РСМ промената била спроведена врз основа на пријава за упис на промена на седиште, основач и запишување на одлука за измена на актот за основање. Со промената, од сопственоста на радиодифузерот истапило физичкото лице Валентина Цундова, со ЕМБГ [redacted], а пристапило физичкото лице Ѓорѓе Цундов, со ЕМБГ [redacted] и двете лица со адреса на живеење на ул. „[redacted]“ бр. [redacted], [redacted].

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Согласно член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата, при што радиодифузерот не смее да ја спроведе промената пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 41 ставови 1 и 2 од ЗААВМУ на 27.05.2021 година од страна на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права беше извршен вонреден административен надзор на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, за што беше составен Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-2067/1 од 27.05.2021 година. Во цитираниот Писмен извештај беше даден предлог Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка јавна опомена на радиодифузерот и да му укаже во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да ги достави следните податоци и документи, и тоа: податоци за физичкото лице Ѓорѓе Џундов, и тоа: ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот; нотарски заверена изјава од физичкото лице Ѓорѓе Џундов дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на РС Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

Во врска со наведеното, од страна на Агенцијата, на 31.05.2021 г., до радиодифузерот беше испратен Допис – Доставување Писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.02-289 од 31.05.2021 г. со кој Агенцијата на радиодифузерот му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-2067/1 од 27.05.2021 година, со цел радиодифузерот во рок од седум работни дена од денот на приемот на Дописот до Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното непочитување, повреда, односно прекршување на член 41 ставови 1 и 2 од ЗААВМУ.

На 07.06.2021 година, ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија до Агенцијата достави Тековна состојба од Централниот регистар, Решение за упис на промени и две изјави заверени на нотар од лицето Ѓорѓе Џундов. При увид во доставената документација било констатирано дека истата не е уредна, во смисла на тоа што изјавите не биле во согласност со Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14).

Советот на Агенцијата на 18-та седница одржана на 17.06.2021 година донесе Решение за преземање мерка – јавна опомена Уп1 бр.02-289 од 21.06.2021 година со кое јавно го опомена ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, заради извршена повреда на член 41 став 1 и став 2 од ЗААВМУ, односно поради тоа што на 25.05.2021 г. спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

На 28.06.2021 година, радиодифузерот до Агенцијата достави две нови изјави, и тоа: нотарски заверена изјава од Ѓорѓе Џундов дека не постојат пречки во смисла на одредбите од Глава IV од ЗАВМУ за да се стекне со учество во сопственоста на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија; и нотарски заверена изјава од истото лице, но овојпат дадена во својство на управител на радиодифузерот, со која изјавува дека со неговото пристапување во сопственичката структура на оваа телевизија не се прекршуваат одредбите од Глава IV од ЗАВМУ.

Пред спроведување на промената во сопственичката структура основачи на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија биле физичките лица Јован Јованов, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted] бр. [redacted], [redacted], со учество од 67% во основната главнина и Валентина Џундова, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр.[redacted], [redacted] со учество од 33% во основната главнина. Со промената, од сопственоста на радиодифузерот истапила Валентина Џундова, а пристапил Ѓорѓе Џундов, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. [redacted] бр.[redacted] во [redacted], како сопственик на уделот кој го поседувала Валентина Џундова.

Со цел Агенцијата да испита дали со промените во сопственичката структура на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија се создава недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 28.06.2021 година, стручната служба на Агенцијата, преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар обезбеди Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – Тековна состојба, при што констатираше дека лицето Ѓорѓе Џундов, кој е сопственик и управител на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, се јавува истовремено и како сопственик и управител на Трговското радиодифузно

друштво НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, согласно член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги недозволена медиумска концентрација во смисла на овој закон постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како оснивачи на друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми.

Во Националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – „Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот". Во групата 73.1 - Маркетинг (реклама и пропаганда) се дефинирани две класи 73.11 - Агенција за маркетинг и 73.12 – Огласување преку медиуми.

Согласно член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. При испитување на ваквите сознанија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој не може да биде пократок од 15 дена и не подолг од 45 дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата.

Врз основа на наведеното, се одлучи да се поведе постапка, по службена должност, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, поради тоа што физичкото лице Ѓорѓе Џундов, кое е сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено и како сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и што претставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност. Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, во рок од 45 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Врз основа на погоренаведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.